Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Бр.-Nr. 01 - 83/14
25-02. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА 2020 ГОДИНА

Врз основа на член 69 став 3 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за своето работење во изминатата година подготвува извештај кој го усвојува Владата на Република Северна Македонија.

## ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Легислатива*

Во текот на 2020 година активностите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информции (во натамошниот текст: Дирекцијата) беа фокусирани на донесување на подзаконските акти што произлегуваат од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) што влезе во сила на 03.01.2020 година.

На почетокот на годината беа формирани неколку меѓуресорски работни групи со задача до месец април 2020 година да изработат нацрт-текстови на уредбите за административна, за физичка, за индустриска, за информатичка и за безбедност на лица корисници на класифицирани информации. Во работните групи беа вклучени претставници на министерствата и други државни органи коишто имаат надлежности и директно се вклучени во системот на заштитата на класифицираните информации.

Во третиот квартал од годината нацрт-текстовите на уредбите беа доставени на мислење и усогласување до Секретаријатот за законодавство од каде што беа добиени првични коментари и забелешки. Како резултат на тоа, до крајот на годината беа преземени подетални активности за усогласување на текстовите на уредбите за административна и за физичка безбедност, вклучувајќи и изработка на потребните кореспондентни табели за транспонирање на европската регулатива во националното законодавство, што произлезе како обврска од усогласувањето на Законот за класифицирани информации(*) со Одлуката на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ, CELEX број 32013D0488.

Текот на изработката на текстовите на уредбите и нивното усогласување со Секретаријатот за законодавство беше условен од глобалната состојба со здравствената пандемија предизвикана од вирусот COVID-19 којашто

резултираше со намалени човечки капацитети за работа и ограничувања во начинот на работење и функционирање на институциите.

Во меѓувреме се работеше и на другите подзаконски акти што произлегуваат од Законот, па така во доменот на безбедноста на лицата корисници на класифицирани информации, во периодот мај-јуни 2020 година беа донесени следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 123/2020) и
- Правилник за содржината, формата и начинот на водење на евиденцијата за издадените безбедносни сертификати и за пополнетите безбедносни прашалници и на посебната евиденција за издадените дозволи за пристап до класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/2020).

Како резултат на изземањето на Дирекцијата од обврските кон Инспекцискиот совет согласно член 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), беа преземени активности за изработка на подзаконските акти со коишто подетално се регулираат прашања врзани за инспекцискиот надзор на класифицираните информации. Како резултат на тоа во втората половина од годината беа донесени следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/2020);
- Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 285/2020);
- Правилник за содржината и формата на жигот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и начинот на запечатување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/2020);
- Правилник за начинот на полагање на стручниот испит за инспекторите за безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/2020);
- Правилник за образецот, формата и содржината на службената легитимација и значка на инспекторот за безбедност на класифицирани информации, и за начинот на нивно издавање и одземање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 240/2020) и
- Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 246/2020).

Во доменот на инспекцискиот надзор за потребите за промовирање на инспектори за класифицирани информации беше изработена „Постапка за спроведување на стручниот испит за инспектор за безбедност на класифицирани информации“. Воедно, беше изработена и „Методологија за проценка на ризик за

безбедноста на класифицираните информации при планирање на инспекциски надзор".

Во текот на извештајната година беа спроведени активности за изменување и дополнување на постојните акти за организација и за систематизација на работните места во Дирекцијата, а се работеше и на други интерни акти (правилници и упатства) со коишто се регулираат прашања од доменот на функционирање на Дирекцијата. Во тој контекст беше донесен „Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила", беше донесена „Процедура за ракување и чување на странски класифицирани информации во Регистарот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на Република Северна Македонија", а беа изработени и финални нацрт-текстови на три интерни акти од доменот на заштитата и спасувањето, вклучувајќи го и „Правилникот за заштита од пожари и експлозии".

*Безбедносна организација*

Во 2020 година, Дирекцијата продолжи со активностите за обезбедување на безбедносни стандарди за ракување со класифицирани информации во државните и приватни ентитети, а особено во мрежата на подрегистри и контролни точки за класифицирани информации. Редовно се ажурираше листата на овластени лица како клучен персонал за одржливост, спроведување и надзор на безбедносните политики за работа со класифицирани информации во секоја од релевантните институциите каде се ракува, циркулираат и се чуваат класифицирани информации.

При оценување на состојбите во субјектите коишто се вклучени во системот за заштита на класифицираните информации беа земани предвид наодите од извршените инспекциски надзори како една од основните алатки во изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на националните и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Северна Македонија, за воспоставување високо ниво на безбедносна култура и градење капацитети за заштита на класифицирани информации, како и за воспоставување и континуирано унапредување на системот за заштита на класифицирани информации на национално ниво.

*Човечки ресурси*

Во текот на извештајната година Одделението за управување и развој на човечки ресурси работеше со несмалена динамика во однос на претходната година. Имено, редовно беа извршувани активности поврзани со изработката на документи и материјали што се однесуваат на кадровски прашања, вклучувајќи водење персонални досиеја, изработка на решенија, пријави/одјави во ФЗО и ПИОМ и други органи, план за годишни одмори, евиденциски листови за

прекувремено ангажирање, работни листи и друг вид евиденциски листи за вработените.

Во тој контекст, на почетокот на годината беа спроведени активностите поврзани со именувањето на заменик-директорот на Дирекцијата којшто стапи на должност со влегувањето во сила на Законот за класифицирани информации(*) на 3 јануари 2020 година.

Воедно, поради зголемениот обем на работа во Дирекцијата, на почетокот на 2020 година беше објавен и следствено на тоа реализиран јавен оглас за вработување четири лица на определено време. Од нив едно лице заснова редовен работен однос во Дирекцијата, врз основа на јавен огас за вработување на неопределено време во декември 2019 година.

Кон крајот на годината, во периодот на ноември-декември, беа спроведени процедурите за преминување на две лица во други државни институции со спогодбено раскинување на договорот за работа, односно спогодбено преземање.

Во однос на мобилноста на вработените, и во 2020 година продолжи упатувањето на вработени од Дирекцијата во Регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации во постојаните мисии на Република Северна Македонија при НАТО и при ЕУ во Брисел, Белгија. Воедно, согласно потребите на Дирекцијата, во текот на годината беа реализирани активности за хоризонтална мобилност на вработените во рамките на Дирекцијата. Измените на податоците што резултираа од мобилноста на вработените навремено се внесуваа во системот на HRMIS.

Со Годишниот план за вработување во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2020 година беа планирани неколку нови вработувања и унапредувања на вработените, но истите не беа реализирани заради ненавремено спроведување на процедурата за одобрување на Планот.

Освен активностите поврзани со Годишниот план за вработување, беа реализирани и активностите поврзани со Годишниот план за обуки на административните службеници во Дирекцијата, според обврските од Законот за административни службеници, што подразбира, меѓу другото, водење евиденција, прибирање и комплетирање податоци за посетените обуки, како и правење полугодишни извештаи за реализирани обуки и номинирање на вработените за учество на обуки. Преку Одделението за управување и развој на човечки ресурси, за вработените во Дирекцијата беше организирана и интерната обука за постапување во случај на пожар и ракување со ПП апарати.

Како тековна активност, согласно Законот за административни службеници, во мај 2020 година со полугодишните интервјуа на административните службеници во Дирекцијата започна процесот за оценување на ефектот од нивното работење и истиот беше заокружен кон крајот на годината, при што беа опфатени и целосно реализирани сите негови чекори.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2020 година планираните активности според Годишниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации од доменот на безбедност на лица корисници на класифицирани информации беа спроведени според планираната динамика. Во континуитет се спроведуваа процедурите за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати во соработка со безбедносните служби надлежни за вршење на безбедносните проверки и активности сврзани со обука на корисниците на класифицирани информации и контрола на условите во овој домен на безбедноста на класифицираните информации.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по поднесени барања за издавање безбедносни сертификати изработи: 1906 барања за оперативна безбедносна проверка; 1487 национални, 301 НАТО и ЕУ безбедносни сертификати; 488 изводи од НАТО и ЕУ безбедносни сертификати. Вкупниот број на важечки национални безбедносни сертификати на 31.12.2020 година изнесува 16678. Додека вкупниот број на важечки безбедносни сертификати на 31.12.2020 година за НАТО е 234, а за ЕУ е 488.

Исто така, во Дирекцијата беа изработени и 37 решенија за одбивање на барањата за издавање безбедносни сертификати, 2 решенија за престанок на важноста на безбедносниот сертификат.

Воедно, беше извршена ревизија на издадените безбедносни сертификати чиј рок на важење истекува во 2020 година.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2020 година, работата во Одделението за странски класифицирани информации се одвиваше според воспоставените процедури за прием, обработка, дисеминација, дистрибуција, архивирање и чување на класифицираните информации. Динамиката на извршување на работните задачи беше во вообичаената рамка на целосна имплементација на постојните законски и подзаконски акти за безбедност на класифицирани информации. И во текот на 2020 година, Одделението за странски класифицирани информации како единствена точка за влез и излез на странски класифицирани информации успешно одговори на предвидените активности за заштита на класифицираните информации координирајќи ја работата на воспоставениот систем на регистри и контролни точки. Со тоа, констатирано е дека задачите се завршени професионално и ефикасно во насока на навремена доставување на класифицираните и на некласифицирани материјали до крајните корисници. Исто така, и во 2020 година, Одделението за странски класифицирани информации, со помош на својот обучен персонал, продолжи со обуката,

давањето стручна помош, мислења и експертиза на државни органи и приватни ентитети, но и на домашни и странски претставници за правилно користење и ракување со класифицирани информации. И во текот на 2020 година, Одделението за странски класифицирани информации во континутет продолжи со обуката на својот персонал.

Следејќи ја динамиката на прием на странски класифицирани информации од претходните години, Одделението за странски класифицирани информации во 2020 година регистрираше намален интензитет на примени и обработени странски класифицирани информации во однос на извештајната 2019 година.

Според евиденцијата на Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата, во 2020 година примени се вкупно 1525 НАТО документи. Од кои „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" – 449 , „ДОВЕРЛИВО"– 216, „ИНТЕРНО"– 860.

Од направената паралела на добиени НАТО класифицирани информации со 2019 година се забележува намалување на бројот на примените класифицирани информации.

Намалувањето на приемот на НАТО класифицирани информации во регистарот на ДБКИ се должи на тоа што документите кои се испраќаат преку NS WAN ситемот за потребите на Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи се испраќаат директпо до нив , а во ДБКИ се доставуваат само на знаење .

Во текот на годината, во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата се примени вкупно 78 ЕУ класифицирани / некласифицирани документи, од кои 3 со степен „ДОВЕРЛИВО", 75 со степен „ИНТЕРНО".

Кумулативниот збир на добиени странски НАТО и ЕУ класифицирани / некласифицирани документи во 2020 година изнесува 1603. Тоа подразбира дека севкупно е намален приливот на странски документи во однос на претходната извештајна 2019 година.

Во однос на националните класифицирани информации, бројот на обработени национални документи во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата во 2020 година изнесува вкупно 1352

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на работата на Одделението за физичка безбедност во текот на 2020 година беше насочено кон задржување на веќе воспоставените стандарди за ракување и чување на класифицираните информации. Во таа насока Одделението за физичка безбедност активно учествуваше во доследна примена на новиот Закон за класифицирани информации(*) и изработка на нова предлог-Уредба за физичка безбедност и

ново предлог-Упатство за процесот на менаџирање на ризикот за физичката безбедност кои треба да се официјализираат во почетокот на 2021 година. Исто така Одделението за физичка безбедност обнови дел од интерните акти и донесе нови во делокругот на работењето на Одделението коишто ја подобрија работата на Одделението и го подигнаа нивото на физичката безбедност во Дирекцијата.

Одделението за физичка безбедност во континуитет ги следи и новите измени и предлог директиви за физичка безбедност на НАТО и како официјална членка на Република Северна Македонија во НАТО, имаше можност и за свој удел во креирање на новата директива за физичка безбедност на НАТО.

Со цел задоволување на стандардите и функционирање на целокупниот систем за безбедност во Дирекцијата се врши редовно сервисирање на целокупната безбедносна опрема тековно. Во текот на 2020 година извршена е целосна замена на системот за контрола на пристап и евиденција на работното време бидејќи стариот систем не беше согласно пропишаните стандарди и веќе беше максимално амортизиран во изминатите 13 години. Новиот систем за контрола на пристап и евиденција на работното време е многу пософистициран од претходниот, изработен е согласно стандардите за физичка безбедност, а на софтверот на овој систем постои можност за интеграција и на останатите системи за безбедност при нивна замена.

Во 2020 година Одделението за физичка безбедност во континуитет пристигаа барања од страна на државни органи и други правни лица за утврдување на условите за физичка безбедност во организациските единици и точки каде се ракува со класифицирани информации, при што беа превземени активности за контрола на условите и давање на стручно мислење за исполнетоста на минималните стандарди за физичка безбедност на класифицирани информации. Претставници од Дирекцијата исто така учествуваа во меѓуинституционални активности со стручна и експертска помош за воспоставување стандарди за физичка безбедност и набавка на опрема од овој домен на безбедност. На барање на одредени субјекти беа одржани и обуки за нивните вработени од аспект на физичката безбедност на класифицирани информации. Одделението за физичка безбедност исто така организираше и обука на вработените на Дирекцијата за постапување во случај на пожар и евакуација.

Одделението за физичка безбедност, во согласност со законските прописи и интерните акти на Дирекцијата ја помага работата на Одделението за инспекциски надзор и на Одделението за индустриска безбедност, при што асистира во спроведувањето на безбедносната политика за заштита на националните и на странските класифицирани информации. Одделението за физичка безбедност има важна улога и како дел од тимот за акредитација на комуникациско информациските системи.

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на Дирекцијата во доменот на информатичката безбедност во 2020 година беше ставено врз интензивирање на работата на воспоставените помошни авторитети за информатичка безбедност, Националното тело за акредитација (SAA), Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA) и Националното тело за заштита компромитирачки електромагнетни зрачења (TEMPEST), како и на активностите за обезбедување услови за воспоставување на комуникациско-информатички систем до степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и соодветна ТЕМПЕСТ опрема за зонирање на објекти каде што се процесираат класифицирани информации, со цел обезбедување соодветно ниво на безбедност за нивно чување и ракување и исполнување на условите за полноправно членство на НАТО.

Заради ажурирање на легислативата сврзана со криптозаштитата во Република Северна Македонија и нејзино усогласување со позитивните прописи на НАТО и ЕУ, Дирекцијата почна иницијатива за измени на текстот на постојната и застарена Уредба за криптозаштитата. Во рамките на таквата иницијатива, на неколку наврати во изминатите години беа остварени работни средби со сите носители на националните системи за криптозаштита, но истите не резултираа со изработка на конечен текст на Уредбата. Во март 2020 година, Дирекцијата оствари комуникација со Министерството за одбрана во врска со одредбата во член 32 од Законот за класифицирани информации(*) со којашто е предвидено Владата на Република Северна Македонија со уредба поблиску да ги уреди и мерките и активностите за криптографска безбедност, и потребата, следствено на обврската, за формирање на работна група за изработка на Уредбата за криптографска безбедност. Имајќи предвид дека со член 71 од Законот, во размената и заштитата на класифицирани информации со НАТО Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија управуваат со материјалите за криптографска заштита на класифицирани информации и безбедно ракување, чување, дистрибуција и евиденција на криптоматеријалите, а Дирекцијата има улога во делот на управувањето со материјалите за криптографска безбедност преку вршење надзор над имплементација на мерките што ги спроведува надлежниот орган, Дирекцијата предложи работната група да ја предводи Министерството за одбрана и во неа да бидат вклучени преставници од органите што имаат улога во системот на криптозаштитата во Република Северна Македонија. Ваквиот предлог од Дирекцијата, чијашто цел беше да продолжи работата на подзаконскиот акт со којшто ќе се уреди националниот систем за криптозаштита во којшто ќе се рефлектираат улогите на сите надлежни чинители во системот, беше прифатен од Министерството за одбрана.

Во рамките на иницијативата на Дирекцијата за безбедносна акредитација на комуникациско-информациските системи во државните органи низ кои се процесираат национални класифицирани информации, Националното тело за акредитација (SAA), коешто функционира во рамките на Дирекцијата, во текот на

2020 година презема активности за безбедносна акредитација на комуникациско-информациски систем во голем број на државни институции и приватни компании, а се со цел обезбедување соодветно ниво на заштита на системите заради соодветна заштитна на класифицираните информации кои се процесираат низ овие системи.

Во текот на 2020 година Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносната политика на НАТО/ЕУ, ја остваруваше редовната обврска на одржување и уредност на безбедноста на постојните системи за размена на класифицирани информации во Дирекцијата и во мрежата на регистрите за странски класифицирани информации во другите институции, во согласност со регулативите на НАТО/ЕУ. Во таа насока, согласно акцискиот план за полноправно членство во НАТО, Дирекцијата активно учествуваше во воспоставување на системот за безбедна размена на НАТО класифицирани информации и го продолжи започнатиот процес за надградба на регистарскиот систем за процесирање на НАТО класифицирани информации. Со овој процес се унапреди целокупниот систем за размена на НАТО класифицирани информации, со што се зголеми безбедноста на класифицираните информации, а во исто време се зголеми и брзината и ефикасноста на нивната размена.

Дирекцијата во делот на информатичката безбедност имаше активна улога во неколку процеси: носител на Работната група за безбедносни прашања, учество во процесот на адаптација на простор за Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО, набавка, воспоставување и имплементација на систем за безбедна размена на национални класифицирани информации.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA) ја остваруваше својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на одделни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

Активната улога на Дирекцијата во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Северна Македонија и во 2020 се остваруваше преку давање континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија и донесување акти сврзани со оваа материја. Согласно планот за пристапниот процес на Република Северна Македонија за членство во НАТО, Секторот во делот на информатичката безбедност активно учествуваше во сите процеси што треба да се исполнат со цел добивање полноправен статус на членка на НАТО.

Со цел следење и унапредување на безбедносната политика на НАТО и на ЕУ во областа на сајбер-безбедноста, и покрај целокупната ситуација со пандемијата од Ковид19, претставници од Дирекцијата земаа учество на неколку важни конференции, работилници и обуки, кои во најголем дел се реализираа преку видео-конференциска врска. Овие настани придонесоа за зголемување на човечките капацитети на вработените во Секторот, како и нови иницијативи за унапредување на информатичката безбедност во рамките на Дирекцијата. Исто така, претставник од Дирекцијата е член во Националниот совет за сајбер

безбедност, со што директно придонесува за унапредување на безбедноста во оваа област.

Секторот за информатичка безбедност интензивно работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за информатичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и на директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка, одржување и ажурирање на комуникациско-информациските системи во Дирекцијата, како и редовно и вонредно сервисирање на опремата.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Во 2020 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации продолжи со своите активности кон унапредување на работата на полето на индустриската безбедност на класифицирани информации. Во текот на годината, во Дирекцијата пристигнаа барања од домашни и од странски компании и други правни лица со барања за издавање национални безбедносни сертификати за 61 физички и за 4 правни лица.

Врз основа на поднесените барања до 31.12.2020 година, Дирекцијата изработи 16 национални и 9 НАТО безбедносни сертификати, 9 изводи од НАТО безбедносни сертификати. Дополнително Дирекцијата има издадено и 1 Дозвола за пристап до национални класифицирани информации за 1 лице странски државјанин. Во споредба со 2019 година, бројот на барањата за издавање безбедносни сертификати за правни лица и за физички лица во правните лица е намален.

Покрај редовната процедура за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап на физички и правни лица од домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери, Дирекцијата вршеше консултативна и експертска улога во постапки поврзани со безбедноста на класифицираните информации со домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во текот на 2020 година активностите на Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации беа фокусирани на изработката и донесувањето на подзаконските акти од доменот на инспекцискиот надзор предвидени во Законот за класифицирани информации(*). Притоа беа изработени текстовите на вкупно пет правилници коишто беа донесени во втората половина од годината.

Планираните инспекциски надзори во Годишниот план за 2020 година не беа реализирани од неколку причини, а како главни причини се издвојуваат задоцнетото уредување на проблематиката од инспекцискиот надзор во

подзаконските акти и изменетите околности на работење и функционирање на институциите заради глобалната состојба со здравствената пандемија предизвикана од вирусот COVID-19.

Во текот на годината се извршени само вонредни надзори кои во Дирекцијата пристигаа како барање, претставка или пријава за извршување на вонреден инспекциски надзор поради прекршување на безбедноста на класифицираните информации. Постапено е по седум пријави од различни државни институции. Притоа во четири субјекти е извршен вонреден инспекциски надзор и се изработени записници со наод на констатирана состојба за запирање на постапките поради немање основ за понатамошно постапување, додека по пријавите од останатите три субјекти е одговорено на барањата со други инспекциски акти и преписки.

За потребите за спроведување на стручниот испит за инспектор за безбедност на класифицирани информации во Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации беше осмислена и уредена постапката за спроведување на стручниот испит и беа изработени испитни прашања. Од вкупно 138 испитни прашања, 91 прашање се однесува на општиот дел од испитот и ги опфаќаат Законот за општа управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците, а останатите 47 испитни прашања се однесуваат на посебниот дел во којшто акцент е ставен на материјалниот закон, односно на Законот за класифицирани информации(*) и прописите од областа на безбедноста на класифицираните информации.

Во текот на 2020 година беа преземени активности за изработка на методологија за проценка на ризикот по безбедноста на класифицираните информации при планирање на инспекцискиот надзор и беше реализирано учество во меѓуресорските работни групи за изработка на новите уредби за безбедност на класифицирани информации. Воедно, беа отпочнати и активности околу изработката на Листата за проверка на прописи за кои е надлежно Одделението за вршење на инспекциски надзор, но нејзиното финализирање е условено со донесување на уредбите за административна, за физичка, за индустриска, за информатичка и за безбедност на лица корисници на класифицирани информации.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2020 година, Дирекцијата остваруваше непосредна соработка со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот и на земји членки на НАТО и на ЕУ, како и соработка со меѓународни институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Северна Македонија.

Во тој контекст, во текот на 2020 година континуирано се спроведуваа активности врзани за регионалната соработка со сродните служби на земјите од

регионот, при што акцент беше ставен на учеството на Десетата конференција на SEENSA (форум на националните безбедносни авторитети на земјите од југоисточна Европа) којашто заради пандемијата се одржа онлајн на 27 ноември 2020 година. Во тој контекст, Дирекцијата како носител на тематската работна група за обуки и едукација во рамки на SEENSA редовно одржуваше комуникација и соработка со Регионалниот совет за соработка (RCC) и земјите учеснички со цел идентификување на потребите за обуки во доменот на безбедноста на класифицирани информации. Следствено на оваа координативна активност на Дирекцијата, претставници од Одделението за комуникациско-информатичка безбедност присуствуваа на онлајн обука за информатичка безбедност и акредитиација на комуникациско – информациски системи организирана од RCC и Националниот безбедносен авторитет (НБА) на Република Бугарија како претседавач со SEENSA за 2020 година.

Во меѓународен контекст, во рамките на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) во којашто Дирекцијата има статус на набљудувач, во ноември 2020 година беше реализирано онлајн учество на работниот состанок на ad-hoc работната група за Странска сопственост, контрола или влијание (Foreign Ownership, Control or Influence – FOCI). Покрај активното учество во овој формат на соработка, Дирекцијата продолжи да допринесува и со доставување на материјали (одговори на сеопфатни прашалници) коишто се однесуваат на националната легислатива и практичните искуства од областа на индустриската безбедност на класифицирни информации.

Во врска со склучувањето билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на владино ниво, на почетокот на 2020 година, по доставена предлог – иницијатива од страна на НБА на Р. Грција, беа започнати и завршени билатерални преговори со грчката партнерска институција преку емаил кореспонденција. Во втората половина од 2020 година Дирекцијата инициарше започнување билатерални преговори и со Португалската Република за што е добиен реципроцитетен интерес за започнување на преговорите. НБА на Норвешка исто така изрази подготвеност за започнување преговори, беше обновена иницијативата за билатерални преговори со Белгија, а беа продолжени и активностите за усогласување на официјалниот предлог-текст на договорот со САД.

Воедно, во текот на годината, беа остварени контакти со сродните служби на земји од регионот и пошироко по основ на доставени барања за спроведување безбедносна проверка за лица што поднеле барање за издавање безбедносен сертификат, како и по основ на организирање студиски посети, поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија. Во тој поглед, во текот на февруари беше реализирана студиска посета на Националниот безбедносен авторитет на Република Хрватска. Во рамките на соработката со други странски организации, на покана на институтот ГЛОБСЕК, во месец февруари беше реализирана студиска програма за мобилност на државни службеници во Република Словачка.

Во контекст на соработката со меѓународните институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Северна Македонија, Дирекцијата активно учествуваше во завршните фази на имплементацијата на Планот за продолжување на реформите на Република Северна Македонија за членство во НАТО, пред официјалното зачленување на земјата во март 2020 година, како еден од главните носители на активностите во делот на безбедносните прашања. Следствено на зачленувањето, директорот на Дирекцијата редовно учествуваше на состаноците на Комитетот за безбедност на НАТО, а реализираше и средби со претставници на НАТО Канцеларијата за безбедност коишто беа во посета на разузнавачко-безбедносните служби во земјата.

Во однос на соработката со ЕУ, во текот на 2020 година Дирекцијата продолжи со своето активно учество во активностите врзани за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), и тоа во поглавје 31 - Надворешна безбедносна и одбранбена политика (НБОП).

Во рамките на Програмата на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) за реформи во разузнавачкиот сектор на Република Северна Македонија (2017-2020), во 2020 година Дирекцијата учествуваше во сите фази на проектот на DCAF - *„Заеднички оперативни процедури за спроведување надзор и контрола врз безбедносно-разузнавачките служби“* со своја експертиза од делокругот на работа на Дирекцијата. Воедно, во рамките на продолжување и продлабочување на соработката со DCAF, во 2020 година, Дирекцијата иницираше проектна активност со DCAF за изготвување на Коментар на Законот за класифицирани информации за чијашто реализација е добиена согласност од Канцеларијата на DCAF во Скопје.

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на извештајниот период, од март до крајот на 2020 година, сите активности врзани за организирањето и посетувањето на обуки, советувања и слични настани беа предусловени од глобалната здравствена пандемија предизвикана од вирусот COVID-19. Настанатата состојба со ограничени човечки ресурси и променети услови на работење и функционирање на институциите и на државите воопшто, ја принудија Дирекцијата да ги прилагоди своите активности за давање обуки на корисниците на класифицирани информации и за учество на настани врзани со стручно усовршување на вработените преку „online“, односно виртуелно присуство на советувања, вебинари и други состаноци.

Воглавно, стручно-консултативните состаноци и брифинзи на коишто беа давани насоки за правилна примена на националната законска регулатива за класифицирани информации, согласно утврдената потреба и на барање на државните органи и другите институции и правни лица за обука и стручно мислење, во текот на годината се спроведуваа „на далечина“ и со почитување на

донесените мерки и препораки од Владата. На подеднаков начин, според динамиката на Министерството за надворешни работи, се вршеа брифинзи со лица од Министерсвото во подготовки за заминување во ДКП-ата на Република Северна Македонија во странство.

Во контекст на активностите што беа поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија, на почетокот на 2020 година беше реализирана една TAIEX студиска посета на НСА на Република Хрватска со акцент на управувањето со човечките ресурси при имплементацијата на безбедносната политика.

Во текот на 2020 година, продолжи соработката со Канцеларијата за соработка во одбраната (ODC) на Американската амбасада во Скопје во врска со обуките во Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ С. Маршал" во Гармиш-Партенкирхен, Германија. Во рамките на таа соработка, во декември 2020 година претставник на Дирекцијата учествуваше на обука во Маршал центарот „од далечина".

Како резултат на предусловот за електронско аплицирање за добивање безбедносен сертификат, воведен со Законот за класифицирани информации(*), во 2020 година акцент беше ставен на учењето на далечина, односно на „online" обуката за заштитата на класифицираните информации.

Во рамките на Дирекцијата, преку Одделението за управување и развој на човечки ресурси, за вработените беше организирана интерната обука за постапување во случај на пожар и ракување со ПП апарати, додека преку Одделението за безбедносна акредитација на КИС, во соработка со консултантското друштво „Правоматика", беше спроведена online обуката на тема „Насоки за поефективна и поефикасна примена на Кодексот за административни службеници со посебен фокус на споредба на неговото применување во услови пред, за и по завршувањето на пандемијата на КОВИД-19 со посебен акцент на моменталната состојба на пандемија на КОВИД-19".

Исто така, за вработените во Дирекцијата, Одделението за безбедносна акредитација на КИС спроведе општа „online" обука за подигање на безбедносната свест при користењето на интернет услуги, како и таргетирани обуки за корисниците на новите софтвери во Дирекцијата за архивско работење и за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап до класифицирани информации.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во 2020 година, Дирекцијата, согласно своите законски надлежности, продолжи да учествува во работата на повеќе меѓуинституционални тела и работни групи. Формата на учеството беше условена од донесените мерки и

препораки од Владата за работа и функционирање во услови на глобална здравствена пандемија.

Во врска со членството во НАТО, Дирекцијата продолжи активно да учествува во работата на Комитетот и во Работниот комитет за интеграција на Република Северна Македонија во НАТО, како и во работните групи формирани во рамките на Работниот комитет за работа на одредени прашања што произлегуваат од Планот за продолжување на реформите на Република Северна Македонија за членство во НАТО.

Во контекст на интегративниот процес за пристапување кон ЕУ, во текот на 2020 година Дирекцијата учествуваше и во работата на Работната група за надворешна безбедносна и одбранбена политика под раководство на Министерството за надворешни работи, со ангажман во изработката на Глава 31 од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и учеството во ЕУ обуки во координација на Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

Во текот на годината, претставници на Дирекцијата учествуваа во работата на различни работни тела предводени од други надлежни субјекти чијшто фокус на работа беше ставен на интеграциите во НАТО (решавање на прашањата врзани за воспоставувањето безбедносна комуникација со НАТО, изработка на стратешки документи и планови за одбранбени способности), градењето национални капацитети за сајбер безбедност, градење отпорност на хибридни закани и ризици и слично.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2020 година се извршуваше според одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и согласно утврдените средства во Буџетот наменски, рационално, економично и ефикасно. Вкупниот буџет на Дирекцијата беше реализиран преку буџетските програми за 2020 година, и тоа: Програмата 10 - Администрација и Програмата 20 - Спогодба за размена на класифицирани информации РМ-ЕУ.

Во 2020 година на Дирекцијата ѝ беа одобрени буџетски средства во висина од 35.755.000,00 денари. Средствата за финансирање на активностите според плановите и програмите во Дирекцијата се обезбедуваат единствено од Буџетот на РСМ и се основен ресурс од кој директно зависи реализацијата на плановите, програмите и потпрограмите.

Континуираноста во планирањето за обезбедување на дефинираните потреби со расположливите финансиски ресурси и вклопување во рамките на фискалните можности и ограничувања подразбира утврден процес на

континуирано поставување цели и редослед на активности и задачи за реализација на стратешките цели на Дирекцијата.

Изразено во бројки, 25.171.000,00 денари, или 71% од вкупниот буџет беа наменети за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените во Дирекцијата. Од нив 18.611.000,00 денари беа наменети за платите и придонесите на вработените во седиштето на Дирекцијата во Скопје, а со преостанатите 6.560.000,00 денари беа за трошоците за платите и придонесите на вработените на Дирекцијата упатени на работа во Делегацијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел.

Во делот од буџетот наменет за вршење на основната дејност на Дирекцијата во висина од вкупно 10.584.000,00 денари или во проценти 30% од вкупниот буџет, средства предвидени за капитални расходи предвидени се во износ од 3.818.000,00 денари, од кои за купување опрема и машини 1.756.000,00 денари, купување мебел 1.112.000,00 денари, вложување и нефинансиски средства 100.000,00 денари, градежни објекти 850.000,00 денари. Другите средства за извршување на редовните активности на Дирекцијата во висина од 6.766.000,00 денари беа распоредени на следниот начин: за патни и дневни расходи 588.000,00 денари, за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт 1.742.000,00, за материјали и ситен инвентар, 550.000,00 денари, за поправки и тековно одржување 480.000,00 денари за договорни услуги 3.050.000,00, за други тековни расходи 300.000,00 денари и за надоместоци 56.000,00 денари.

Реализацијата на буџетот на Дирекцијата за 2020 година по ставки е прикажана во Спецификацијата на расходи, дадена во прилог на овој Извештај.

Планот и динамиката на финансиското работење во Дирекцијата, се води и се реализира според принципите, нормите и постапките што важат во системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и обезбедува интегралност на сите елементи и функции во рамките на Дирекцијата, како и во односите со другите субјекти кон кои Дирекцијата презема финансиски обврски.

Буџетот на Дирекцијата претставува годишен план на расходи по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки одобрени од Буџет на Република Северна Македонија со Закон за извршување на Буџет на Република Северна Македонија со што се извршува Буџетот на Дирекцијата и се врши финансирање на поставените цели, политики, приоритети и задачи што произлегуваат од утврдените планови и програми на Дирекцијата. Основа за работа и реализација на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации претставува Стратешкиот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, Фискалната стратегија на Република Северна Македонија, Макроекономските проекции.

Во Стратешкиот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации се содржани програмите и активностите со кои се планира остварување на поставените цели во наредниот тригодишен период. Со процесот

на поднесување на предлог-буџетското барање за тековната, односно наредната фискална година, како и проекциите за двете последователни наредни години се координираат во еден интегрален модел на среднорочно буџетирање и ефективно управување со јавните финансии.

Буџетските барања се должат на претходно спроведен процес на идентификување на потребите од организациските структури (сектори и одделенија) задолжени за спроведување на претходно донесените планови и програми во рамките на Дирекцијата за финансирање на приоритетите во буџетската година.

## РЕЗИМЕ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2020 година успешно ги извршуваше своите законски надлежности во својство на авторитет за спроведување и унапредување на безбедносната политика со класифицираните информации на национално и на меѓународно ниво. Со унапредувањето на националната законска регулатива и политиката на континуирани обуки, совети, експертска помош, постојана стручна надградба на персоналот, како и редовен и вонреден инспекциски надзор врз спроведувањето на стандардите, нивото на безбедноста во работата со класифицирани информации во Република Северна Македонија во континуитет се зголемува.

**Директор**
**Стојан Славески**